Читај внимателно, анализирај паметно!

Денес се наоѓаме во ситуација каде сме принудени социјално да се дистанцираме и да бидеме одговорни за да го спречиме ширењето на корона вирусот. Владата носи мерки кои го ограничуваат времето за движење надвор. Во текот на изолацијата, секој човек без разлика дали сакал или не, речиси цело време е во допир со сите новости кои ги пласираат медиумите, имено со бројот и локациите на заболените луѓе, условите во државните карантини, симптомите на вирусот, мерките за превенција и заштита, епидемолошките анализи, непотврдени и потврдени начини за лекување на болеста. Луѓето ги споделуваат овие вести и притоа не го проверуваат изворот и веродостојноста на информацијата. Поширокатa јавност сè уште се води според добропознатата практика која всушност треба под секој услов да се применува, а тоа е: веста која е пренесена преку медиумите претходно треба да е проверена, одобрена и дистрибуирана до публиката како релевантна информација. Таква е перцепцијата на генерации и генерации наназад. Но, со брзината на интернетот целиот процес е прескокнат и информацијата директно се пласира до јавноста.

Француската студија за комбинацијата на лековите за маларија и антибиотикот азитомицин или „сумамед“ за борба против корона вирусот, беше пренесена преку сите светски медиуми, секако вклучувајќи ги и нашите. Истата покажа дека може да дејствува против болеста, па ги натера македонските здравствени власти да размислуваат во насока на можна примена на овие медикаменти.

Француски научници откриja лек за вирусот корона ?!



Вечер - **22.03.2020**
Француски научници објавиле студија која потврдува дека комбинација од лек против маларија и антибиотикот азитомицин, откриен во Загреб 1980 година може да спаси многумина. Сите светски медиуми ја пренесоа веста за француската студија која потврди ...

Француски научници тврдат дека Сумамед помага во лекување на корона вирусот




Иновативност - **22.03.2020**
Француски научници објавиле студија која потврдува дека комбинација од лек против маларија и антибиотикот азитомицин, откриен во Загреб 1980 година може да спаси многу животи, јавува Канал 5 телевизија.

Француски научници велат дека хрватскиот Сумамед помага против коронавирусот



Магазин - **22.03.2020**
Сите светски медиуми ја пренесоа веста за француката студија која потврди дека со комбинација на лековите за маларија и антибиотикот азитомицин или Сумамед, постигнува фантастични ефекти во лечењето на заболените од коронавирус.

(Обновено)Француски научници велат дека хрватскиот Сумамед помага против коронавирусот



Канал5 - **21.03.2020**
Француски научници објавиле студија која потврдува дека комбинација од лек против маларија и антибиотикот азитомицин, откриен во Загреб 1980 година може да спаси многумина.Подолу и целата студија Сите светски медиуми ја пренесоа веста за француката ...

Француски научници велат дека хрватскиот Сумамед помага против коронавирусот



Канал5 - **21.03.2020**
Француски научници објавиле студија која потврдува дека комбинација од лек против маларија и антибиотикот азитомицин, откриен во Загреб 1980 година може да спаси многумина. Сите светски медиуми ја пренесоа веста за француката студија која потврди ...

Пред околу петнаесетина дена почна да се применува оваа терапија на заболените пациенти. Меѓутоа, како на оваа вест реагираа дел од граѓаните и што истата информација ги натера нив?



Оттука произлегува прашањето колку граѓаните се способни целосно да апсорбираат информација која во време на пандемија и кризна состојба на некој начин нуди „спас“ и можен лек во борба против вирусот? Земајќи го во предвид само насловот, ги градат своите мислења и ставови базирани на истиот без да го прочитаат внимателно целиот текст. И најнормално, **ваквиот пристап не доведува и до тажниот факт дека генерално сме многу ранливи во областа на медиумска писменост и критичко размислување.** Луѓето со децении се навикнати селективно да читаат и слушаат вести. Кај нив не е поттикнато критичкото и аналитичкото размислување, а свесноста не е до доволен степен развиена.

Токму поради вакви и слични можни последици од моменталниот страв и паника која се шири помеѓу пошироката јавност, новинарите и покрај тоа што имаат задача да им обезбедат навремени информации на читателите, пред се имаат и морална обврска да го направат тоа со тон што ниту ќе ги исплаши луѓето, ниту ќе ја намали сериозноста на ситуацијата. Навистина е потребно да се избегнуваат сензационалистички фрази и да се „преработат“ сложени информации како претходната наведена во случајот. И да, новинарите, сега повеќе од било кога, треба да ги „облечат чевлите на обичните луѓе“ и да знаат да пренесат информација на начин на кој истата би била поприемчива и правилно перципирана од публиката.

Останува отворено прашањето дали ако во насловот на гореспоменатите вести авторите користат повнимателни формулации, едноставно би се избегнале несакани дејства и непромислени постапки од страна на граѓаните?

Воедно, известувањето на тема за корона вирусот мора во новинарските содржини што повеќе да се базира на официјални и релевантни извори на информации како во случајов:

Од Министерството за здравство информираа дека, поради огромна побарувачка на „сумамед“ во аптеките, тој е повлечен од слободна продажба и може да се добие исклучиво на рецепт и на товар на Фондот.

> **Ги чув овие информации и официјално, и од колегите фармацевти од аптеките. Најпрво еден многу сериозен апел до нашите граѓани, дека станува збор за терапија која во ниеден случај не би требало да ја користат на своја рака, особено имајќи во предвид дека токму оваа терапија, односно антибиотската терапија е многу важно да се прима со давање на соодветна индикација. Неправилната, неоправданата употреба на антибиотици којашто, можеби е и пракса во нашите простори, вклучително и на азитромицинот може да дојде до создавање на резистентност и неефикасност кон истиот кога навистина тој би требало да биде употребен. Дополнително, употребата или можеби идеите да некои пациенти примаат на своја рака ваков вид на терапија е исклучително ризична, имајќи во предвид дека може да биде дури и фатално кај некои од овие пациенти. Во таа конотација, навистина е можеби и добар чекорот којшто Министерството за здравство го направило за повлекување, односно рестриктирано давање на „сумамедот“, со цел да нема злоупотреба.**

Изјава од проф. Д-р Александра Грозданова, претседателка на Комитетот за имунизација при Министерството за здравство

Извор: 360stepeni.mk

Известувањето во вакви отежнати услови предизвикани од корона вирусот од етичка новинарска перспектива, реално гледано, претставува комплексна задача. Новинарите од една страна треба да ја кажат вистината и да пренесат релевантни информации, а од друга страна да не предизвикуваат и да не шират непотребна загриженост и вознемиреност кај публиката. Истовремено пак, се поголемиот протек на вести поврзани со пандемијата претставува предизвик за сите медиумски работници при потрагата за информации. Меѓутоа, баш во ваква ситуација истите треба да покажат професионалност, етичност и одговорност за побезболно и полесно да се справиме сите ние со кризата.

Автор:

Бојан Радески, 16 години